# PreschoolsNSW

## Образование за животот

Што сме ние?





## ШТО Е ТОА ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА?

**ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ СЕ ЦЕНТРИ ВО ЗАЕДНИЦАТА КАДЕ ШТО СИТЕ СЕ ЧУВСТВУВААТ ПРИЈАТНО И ДОБРЕДОЈДЕНО, И КАДЕ ШТО СЕ СОЗДАВААТ ВРСКИ И СЕ ГРАДАТ ОДНОСИ.**

Предучилишните установи имаат одобренија за работа издадени од Службата за услуги на заедницата (Community Services) според Прописот за услуги за деца од 2004 г. (Children's Services Regulation 2004) и работат како служби за деца.

Многу претшколски установи работат од 9 часот претпладне до 3 часот попладне, некои работат од 8 часот претпладне до 4 часот попладне, или пак работат во претпладневна и/или попладневна смена, од понеделник до петок.

Некои установи ги запишуваат децата под различни услови за присуствување. За да имаат децата корист, треба да минуваат најмалку два дена неделно во претшколска установа.

Најголемиот дел од претшколските установи работат во согласност со полугодијата во државните училишта и затвораат во текот на училишните распусти.

Претшколските установи мора да задоволуваат основни нивоа на број на вработени, што се утврдени од страна на владата на Нов Јужен Велс. Некои одлучуваат да вработат и поголем број вработени:
- Еден вработен за секои осум деца на возраст од две до три години
- Еден вработен за секои десет деца на возраст од три до шест години.

Многу претшколски установи (ама не сите) вработуваат најмалку еден учител што има завршено факултет. Бројот на други обучени членови на персоналот е различен во зависност од тоа колку е голема установата. Сите претшколски установи мораат во секое време кога има деца во зградата да имаат персонал што има важечки и одобрени квалификации за давање прва помош. Работниците со добри квалификации и големо искуство се многу ценети во претшколските установи.

Со претшколските установи може да раководат организации во заедницата, цркви или локалните власти, или пак со нив да раководат одбори на родители. Некои установи се поврзани со други државни институции, на пример со школи.

NSW Preschools потекнуваат од 1895 г., од времето на движењето за основање на забавишта, па според тоа имаат многу важно место во заедниците во Нов Јужен Велс.

## ЈАВЕТЕ СЕ ВО ВАШАТА ЛОКАЛНА ПРЕТШКОЛСКА УСТАНОВА

За да ја најдете вашата најблиска претшколска установа, посетете го

**www.preschoolsnsw.org.au**

PRESCHOOL GROWTH PROGRAM

Проект на Задругата за згрижување на деца во заедницата во Нов Јужен Велс (Community Child Care Co-operative (NSW))
– Финансирано од владата на Нов Јужен Велс преку Службата за услуги на заедницата

## ПРЕТШКОЛСКИ УСТАНОВИ

**Претшколските установи (исто така познати и како забавишта) нудат образовни програми во посветено претшколско опкружување што згрижува деца на возраст од три до пет години.**

Се спроведуваат образовни програми врз основа на развојните потреби, интереси и искуства на секое дете. Децата обично може да доаѓаат во определен број денови во текот на неделата.

Повеќето установи работат од 9 часот претпладне до 3 часот попладне, само во периодите кога има настава во училиштата. Некои претшколски установи имаат продолжено работно време, во кое нудат претшколска програма плус дополнително згрижување пред и после програмата.

Децата и семејствата имаат многу користи од претшколските установи.

## ВРЕМЕТО МИНАТО ВО ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА:




- им овозможува на децата да размислуваат, да истражуваат, да поставуваат прашања, да се прашуваат и да научат како да учат;
- го поттикнува развивањето на умот и на јазикот кај децата, како и на нивните способности за комуникација;
- им овозможува на децата во своето учење и развој да добијат поддршка од сигурни, искусни, квалификувани учители;
- ја подобрува способноста на децата да мислат, да решаваат проблеми и логички да размислуваат кога ќе тргнат на училиште;
- го поттикнува општественото и душевното созревање на децата и нивната способност да градат добри односи со врсниците и со возрасните, да решаваат спорови, заеднички да си играат и да бидат самоуверени;
- обезбедува добра основа за учење и образование во текот на целиот живот.

## ПРЕТШКОЛСКИТЕ УСТАНОВИ СЕ:

- места каде што на децата им е забавно да престојуваат и кои нудат возбудливи искуства испланирани да ги задоволат потребите и интересите на децата;
- место каде што се градат општествени врски меѓу семејствата и заедницата;
- извор на професионални информации што ги поддржуваат родителите во нивната родителска улога.

## ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

**Една од најдобрите работи во врска со предучилишните установи е тоа што тие речиси секогаш се во состав на заедницата и заедницата е нивни раководител и сопственик.**

Установите во состав на заедницата се непрофитни установи во кои профитот (вишокот пари) повторно се вложуваат назад во установата, додека пак установите што работат за профит и се приватна сопственост постојат со цел да направат профит што ќе им припадне на сопствениците или на акционерите.

Има **да главни** вида на непрофитни предучилишни установи во состав на заедницата:

1. Самостојни, каде што со установата раководи одбор составен од родители и членови на заедницата.
2. Финансиски поткрепени (спонзорирани), каде што една организација раководи со поголем број претшколски установи, а понекогаш имаат и советодавни одбори составени до родители и членови на заедницата.

Убавината на претшколските установи во состав на заедницата е во тоа што со нив обично раководат родителите чии деца одат во претшколската установа во тоа време, а со тоа се нагласува вклученоста на заедницата во установата.NSW Preschools вработуваат професионални учители и наставници што ја водат програмата и раководат со претшколската установа, во соработка со родителите во управниот одбор, за да се задоволат потребите на заедницата.

**Непрофитните претшколски установи во состав на заедницата нудат квалитетни образовни програми и неповторлива можност за вклучување на заедницата.**

## ПРЕТШКОЛСКИТЕ УСТАНОВИ ГИ ПОТТИКНУВААТ СЛЕДНИТЕ РАБОТИ

- ТВОРЕЧКИОТ ДУХ
- ИСТРАЖУВАЊЕТО И ОТКРИВАЊЕТО
- СОРАБОТКАТА И ОПШТЕСТВЕНОТО ДРУЖЕЊЕ И РАЗМЕНА
- СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА
- ПОДГОТВЕНОСТА ЗА УЧИЛИШТЕ
- РЕШАВАЊЕТО НА ПРОБЛЕМИ И САМОСТОЈНОСТА
- ПИСМЕНОСТА И СМЕТАЊЕТО
- УЧЕЊЕТО ПРЕКУ ИГРА
- КВАЛИФИКУВАНИОТ ПЕРСОНАЛ

**Има неоспорни меѓународни докази дека децата што учествувале во висококвалитетни претшколски образовни програми добиваат значајни долгорочни користи од она што се нарекува „предност на посетувањето предучилишна установа“ (Farrar, et al, 2007).**

**Тие вклучуваат:**

- **повисоко ниво на завршено образование, а понатаму и вработување;**
- **поголема стабилност во односите и пониски стапки на душевни болести (Farrar, et al, 2007).**

**Иако доказите покажуваат дека сите деца имаат корист од висококвалитетното претшколско образование, придобивките се најголеми за деца што потекнуваат од семејства што се во неповолна ситуација (Cunha, et al, 2006; Sylva, et al, 2004).**

**NSW Preschools се финансираат од Службата за услуги на заеднциата, а добиваат и дополнителни финансии за семејства што се од абориџинско потекло или што потекнуваат од островите Торес Стреит, или што имаат здравствена картичка (Health Care Card) за лица со ниски приходи. Тие дополнителни финансии овозможуваат установите да ги намалат пречките на кои наидуваат таквите семејства при запишувањето во претшколска установа.**

***(Извор: Policy Brief No 10 2008: Rethinking School Readiness)***

